Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво

Бр. 02-1899/1
25.09. 2015 год.
Куманово

0307-66/1
25.09.15

# ДОГОВОР
## за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали

Склучен на ден 12.09.2015 година меѓу:

1. Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште во Куманово на улица „11 Ноември“ бб, Куманово, Република Македонија, со ЕМБС:4028201, претставувано од Извршен директор м-р Војчо Нацевски, во понатамошниот текст Прва договорна страна, од една страна

и

2. Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, со седиште на ул. „Никола Тесла“ број 160 Куманово, застапувано од управителот Тони Каранфиловски од Куманово, во понатамошниот текст Втора договорна страна, од друга страна

1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

1.1. Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебни права и обврски помеѓу двете договорни страни во врска со купопродажба на репроматеријали, набавени од Втората договорна страна за потребите и по нарачка на Првата договорна страна.
1.2. Видот и количините на репроматеријалите кои ќе ги набавува Втората договорна страна за потребите на Првата договорна страна ќе бидат определени со посебни нарачки од Првата договорна страна кои се дадени во посебна листа која е составен дел на договорот.
1.3 Вкупната вредност на репроматеријалите без ДДВ кои ќе бидат испорачани од Втората договорна страна на Првата договорна страна не може да надмине 700.000.000,00 денари годишно.

2. ИСПОРАКА И ПРИЕМ

Член 2

2.1. Првата договорна страна се обврзува да достави писмено барање за понуда на вид и количина на репроматеријалите кои сака да му се испорачаат од Втората договорна страна.
2.2. Втората договорна страна се обврзува во рок од 8 дена да одговори на писменото барање на Првата договорна страна со понуда за цена, количина и рок на испорака и во прилог ја доставува понудата и од добавувачот.
2.3. Првата договорна страна се обврзува во рок од 3 дена по прием на понудата на Втората договорна страна, писмено да се произнесе и доколку ја прифаќа да достави официјална нарачка.
2.4. За секоја официјална нарачка доставена од Првата договорна страна ќе се склучи посебен Анекс кон овој договор во кој ќе биде определена цената, количината, рокот на испорака и рок на плаќање.

2.5. Испораката на нарачаните репроматеријали се смета дека е извршена и дека истите се примени од Првата договорна страна по превземање на репроматеријалите од страна на истата во местото на истовар односно во складиштето на Првата договорна страна.
2.6. Втората договорна страна испораката на репроматеријалите ќе ја врши во период, време, начин, вид и количина кои во писмената нарачка ќе бидат определени од страна на Првата договорна страна и истата е должна да потпише испратница како доказ за прием на порачаните репроматеријали.
2.7. Нарачката се смета за реализирана, кога Првата договорна страна ќе стави потпис на документот за испорка на репроматеријалите. Потпишаниот документ од страна на Првата договорна страна е доказ за квантитативно и квалитативно примо-предавање на репроматеријалите.
2.8. Првата договорна страна се обврзува да обезбеди непречен истовар на нарачаните репроматеријали доставени од Втората договорна страна.
2.9. Втората договорна страна има право самостојно да го избере субјектот од кој ќе ги врши набавките на нарачаните репроматеријали, но е должна копија од оргиналната фактура да достави до Првата договорна страна.

3. ЦЕНИ, УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

3.1. Првата договорна страна за нарачаните репроматеријали ќе плати цена на Втората договорна страна која ја вклучува цената на репроматеријаите која Втората договорна страна ја платила на добавувачите, зголемена за 0,5% за секој месец одложено плаќање на име покритие на трошоци во промет и цена на капитал.
3.2. Рокот на плаќање изнесува 60 дена од прием на фактурата со можност за дополнително продолжување на рокот за плаќање за 60 дена за што страните ќе доставаат изјава за согласност согласно Закон за финансиска дисциплина.
3.3. Со фактурата која Втората договорна страна ја доставува на Првата се доставува и копија од оргиналната фактура од добавувачот на репроматеријали.
3.4. Првата договорна страна се согласува и се обврзува во случај на задоцнување на исплатата на износот по фактура по истекот на рокот за исплата на истите, да плати законска казнена камата.

Член 4

Репроматеријалите кои Втората договорна страна може да ги испорача на Првата договорна страна се определени во посебна листа која е составен дел на овој договор (Прилог 1).

4. ВИША СИЛА

Член 5

5.1. Втората договорна страна нема да сноси одговорност за евентуално доцнење или неисполнување, делумно или целосно, на превземените со овој договор обврски, доколку причина за тоа е случај на виша сила.
5.2. Втората договорна страна е должна да ја извести другата страна за неможноста за исполнување на преземената обврска во најкраток можен рок и се обврзува дека по престанување на причината за истото ќе пристапи кон исполнување на обврските.

5.ИЗВРШНИ КЛАУЗУЛИ

Член 6

6.1. Првата договорна страна изречно се согласува и изјавува, доколку не ја исполни обврската на начин како што е регулирано во членот 3 од овој договор и не ја исплати законската камата, дека е согласен со приложување на овој Договор на овластен Извршител и доставување на доказ за пресметана законска камата, Втората договорна страна да може да спроведе присилно извршување заради наплата на своите парични побарувања, на Првата договорна страна на начин и со средства согласно Законот за извршување и за таа цел Првата договорна страна посебно и изрично изјавува дека е согласен овој Договор да претставува извршна исправа и истиот да е извршлив по пристигнување на секое одделно побарување на налогодавачот /извршна клаузула/.
6.2. За намерата за вршење на правото од точка 1 од овој член, Втората договорна страна ќе ја извести Првата договорна страна и ќе му упати писмен повик да ги подмири сите доспеани парични побарувања во дополнителен рок од 5 дена, и дека во спротивно по истекот на тој рок, ќе се пристапи кон извршување за присилна наплата на побарувањето произлезено од овој договор.
Во случај на делумно враќање на обврската и законската камата предмет на извршување претставува разликата до вкупната обврска.

Член 7

7.1. Првата договорна страна изрично изјавува дека секое негово правно дејствие со кое врши имотно-правно располагање со неговиот имот со кое би се отежнало или оневозможило присилното наплатување на побарувањето од страна на Втората договорна страна, направено за време на важноста на овој договор и во случај на еднострано раскинување од Втората договорна страна, доколку на денот на раскинување на договорот постојат стасани а неисплатени парични обврски спрема Втората договорна страна,а се превземени во перидот од 90 дена по раскинувањето на договорот, немаат правно дејство.
7.2. Заради доведување на правната положба на имотот на Првата договорна страна која постоела пред извршеното располагање од Втората договорна страна во случаи на став 1 од овој член, Првата договорна страна изрично изјавува дека е согласен, Втората договорна страна со приложување на овој Договор на овластен извршител, Втората договорна страна да може да спроведе присилно извршување заради воспоставување на претходната правна положба и враќање на имотот на име на Првата догововрна страна или на паричните средства на сметка на Првата договорна страна од третото лице како должников должник, со подобни сретства за извршување предвидени со Законот за извршување заради наплата на своите парични побарувања од овој Договор, на начин и со средства согласно Законот за извршување. За оваа цел, Првата договорна страна изрично изјавува дека е согласен освен во случаите према член 5, овој Договор да претставува извршна исправа и во случаите предвидени со овој член и да се смета дека е извршлив /извршна клаузула/

6. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 8

8.1. Страните се согласни сите спорови, кои произлегуваат од овој договор да ги решаваат спогодбено во спротивно надлежен ќе биде Основниот суд во Куманово.

7. ВРЕМЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

9.1. Овој договор се склучува во времетраење од 3 (три) години со можност за негово продолжување.
9.2. Доколку една од страните изрази желба да го продолжи овој Договор после истекувањето на неговото време на важење, таа ќе ја запознае другата страна за својата намера во рок не помал од 30 дена пред денот на завршувањето на важењето на овој договор.

8. ПРЕСТАНОК И РАСКИН НА ДОГОВОРОТ

Член 10

10.1. Овој договор престанува да важи со истекот на рокот за којшто истиот е склучен;

10.2. Договорот може да биде раскинат и пред истекот на рокот на важност во следнве случаи:
- Спогодбено раскинување и
- Еднострано со писмено известување од една од договорните страни испратено до другата договрна страна најмалку еден месец однапред, во случај кога другата договорна страна ќе прекрши некоја од своите обврски превземени со овој договор, како и при намерно или од непретпазливост, нарушување на обврските за чување на доверливоста на договорот, како и од страна на неговите вработени или соработници.

Член 11

9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11.1. Сите измени и дополнувања ќе се вршат со склучување на Анекс кон овој Договор потпишан од овластените претставници на двете страни.
11.2. За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од ЗОО.
11.3. Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Прва договорна страна :

______________________

За Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово
извршен директор м-р Војчо Нацевски

Втора договорна страна :

______________________

За Друштво за градежништво и трговија
Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово
управител Тони Каранфиловски

Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-7227
21.12.2017 год.
Куманово

Друштво за градежништво и трговија
КВАЛИТЕТ-ПРОМ
ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307-943
25.12.2017 год.
КУМАНОВО

АНЕКС БР. 1 НА ДОГОВОР
за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали бр. 02-1899/1 од 25.09.2015 година

Склучен на ден 21.12.2017 година меѓу:

1. Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште во Куманово на улица „11 Ноември" број 87 А, Куманово, Република Македонија, со ЕМБС:4028201, претставувано од Извршен директор, Војчо Нацевски во понатамошниот текст Прва договорна страна, од една страна и

2. Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, со седиште на ул. „Никола Тесла" број 160 Куманово, застапувано од управителот Тони Каранфиловски од Куманово, во понатамошниот текст Втора договорна странач, од друга страна

**Член 1**

Во член 1 став 3 (1.3) зборот "годишно" се заменува со зборовите " за период од три години."

**Член 2**

Членот 9 се менува и гласи:
9.1. Овој договор се склучува во времетраење од 3 (три)години.
9.2. Доколку една од страните изрази желба да го продолжи овој Договор после истекувањето на неговото време на важење, таа ќе ја запознае другата страна за својата намера во рок не помал од 30 дена пред денот на завршувањето на важењето на овој договор.

**Член 3**

Овој Анекс влегува во сила на денот на неговото склучување.

**Член 4**

Анекс на договорот е склучен во 4 (четири) примерока, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Прва договорна страна

Фабрика за заварени цевки и профили Акционерско друштво 11 ОКТОМВРИ Куманово

____________________________

За Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово
извршен директор М-р Војчо Нацевски

Втора договорна страна

Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово

____________________________

За Друштво за градежништво и трговија
Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово
управител Тони Каранфиловски